# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА

# ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ А.Д. КУМАНОВО

# ЗА ДЕЛОВНАТА 2016 ГОДИНА

СОДРЖИНА

Страна

- Вовед, општи карактеристики, опкружување и потенцијал
  На ФЗЦ 11 Октомври А.Д. Куманово 3

- Основни показатели во физички обем за остварено производство и остварена реализација 8

- Преглед на остварени економско финансиски резултати во 2015 и 2016 година 13

- Показатели на финансиската стабилност за 2016 година 15

## - Вовед, општи карактеристики, опкружување и потенцијал на ФЗЦ 11 Октомври А.Д. Куманово -

Во првиот квартал од 2015 година, мнозинскиот акционер во ФЗЦ 11 Октомври АД Куманово, Експорт Импорт Банка АД Скопје – во стечај, ја прифати понудата за преземање согласно потпишан Договор со преземачот Друштво за градежништво и трговија Квалитет-Пром ДООЕЛ Увоз-Извоз Куманово, од спроведено јавно надавање, а врз основа на претходно објавен Оглас за продажба на акции.

Комисијата за хартии од вредност ја утврди за успешна понудата за преземање на акции, издадени од ФЗЦ 11 Октомври АД Куманово, дадена од Друштво за градежништво и трговија Квалитет-Пром ДООЕЛ Увоз-Извоз Куманово.

Примарна цел на преземачот е , пред се, враќање на пазарите на кои Компанијата веќе била присутна во минатото, како и освојување нови пазари, проширување на асортиман на производи, намалување на трошоците во производство и подобрување на работните процеси, зголемување на рентабилноста и конкурентноста со цел зголемување на приходите и профитот на самото друштво.

Сето тоа доведе до јакнење на финансиската кондиција на ФЗЦ 11 Октомври, со истовремено редовно сервисирање на сите достасани обврски.

Се очекува, долгорочно, поуспешно работење на друштвото и истото би се рефлектирало на вредноста на самото друштво.

ФЗЦ 11 Октомври основана е во далечната 1953 година, а првите искуства во областа на производството на цевки од челичен лим ги бележи во 1956 година.

Почетниот производен програм го сочинуваше широк асортиман на разновидни производи, каде што покрај заварени челични цевки се произведуваа и лимени конструкции, производи за домаќинство, угостителство и.т.н.

Меѓутоа, набргу од 1958 година Фабриката ја согледа потребата за специјализирано производство, кое од тогаш е насочено кон високо сериско автоматизирано производство на заварени челични цевки и профили од сите видови и димензии.

Денес ФЗЦ 11 Октомври АД Куманово претставува гигант не само на овие простори туку и многу пошироко, со препознатливи производи од признаен квалитет према најновите национални, европски и светски стандарди (DIN, BS, NF, UNI, GOST, EN, ISO, API, ASTM и.т.н.).

Разновидноста на формите и можноста за избор на челикот, отворија нови домени на примена, овозможувајќи им дури и на малите корисници да пристапат кон нивната употреба. Развојот во транспортот на флуиди и примена на цевоводи со цементна, епокси и полиетиленска заштита, ја диктираше експанзијата во областа на спроводни цевки. Истовремено, високата градба, индустриските, аграрните и спортските објекти, индустријата за транспортни средства, градежната браварија и изградба на

сообраќајници, се само некои од можностите за употреба на цевки и профили како конструкциони елементи.

Иако најголемиот дел од производите се извозно ориентирани на пазарите во Западна Европа, во последната деценија во услови на големи политички, економски и социјални промени и трансформации, како и воени кризи и конфликти, Фабриката успеа не само да го задржи стекнатото реноме, туку и да постигне значителни резултати во обезбедување со квалитет, што се огледа во бројни сертификати од реномирани контролни институции ( ISO 9001, API, TUF, U. BIREAU VERITAS, Germanischer Lloyd и.т.н.).

Фабриката е организирана во 7 (седум) Работни единици и тоа:

- Валавница за цевки и профили
- Валавница за надолжно заварени цевки
- Валавница за средни цевки и профили
- Инженеринг
- Техничко технолошки работи
- Комерцијално и економско финансиски работи и
- Правни, кадровски и општи работи.

Управувањето во Фабриката е организирано според едностепен систем, и со неа управува Одбор на директори. Истиот се состои од 5 члена, од кои што 2 члена се извршни директори а 3 члена се неизвршни директори.

Европската економија, од која зависат извозните резултати на македонските компании, во текот на изминативе неколку години се соочи со големи финансиски проблеми кај некои нејзини членки, Италија, Шпанија, Португалија, Ирска, Грција и други. Сето тоа во голем дел влијаеше врз намалување на нарачките кај нашите трговски партнери и пад на производството во одделни сектори на металопреработувачката индустрија во Македонија. Ако во текот на изминативе години САД и Европа тешко се справуваат со кризата и покрај огромните средства што ги потрошија за заздравување на своите економии, тогаш што можеме да очекуваме од металската индустрија во Македонија чии главни негативни карактеристики, кои се однесуваат и на Фабриката се:

- Суровинска зависност од увоз
- Релативно застарена опрема и пониска продуктивност
- Ретки нови инвестиции и недоволно инвестирање во модернизација на опремата и пред се
- Големо влијание на глобалните пазарни движења поради зависноста од увоз и претежната извозна ориентираност

Сето ова кажува дека мора многу повеќе да се работи на надминување на слабостите во металопреработувачката индустрија за да истата се издигне на повисоко ниво.

Европската Унија која не може да се справи со криза кај некои нејзини членки, кои не се во состојба да ги отплаќаат своите долгови, сѐ повеќе се оддалечува од земјите на Балканот. Цела Европа е во рецесија а кризата во стопанството на Р. Македонија сѐ повеќе се продлабочува што се гледа од намалената искористеност на производните капацитети во неколкуте изминати години што пак е карактеристично и за целиот регион на Балканот кој ги трпи последиците од европската криза, и му претстои долг пат на опоравување од истата.

Ако се осврнеме на Компаниите од нашето опкружување со кои соработуваме или се дел од челичната и металопреработувачката индустрија, можеме да кажеме дека и тие во текот на изминативе години во голем дел беа зафатени од светската економска криза.

Нашиот долгогодишен деловен партнер и главен снабдувач со основниот репроматеријал, Железара Смедерево – Србија во текот на 2012 година целосно го запре производството со што Фабриката имаше проблеми со преориентирање кон други снабдувачи со потребниот репроматеријал за непречено одвивање на производниот процес. Но во следниве години Железара Смедерево повторно рестартираше дел од своите производни погони со што состојбата во снабдување со трака донекаде се нормализираше.

Евидентно е дека проблемите постојат и сѐ уште не се надминати и тие, всушност, иако се работи за различни средини, имаат речиси идентични карактеристики. Во Македонија, Србија, Хрватска, производство и преработувачка на челик и челични производи се смета за основен национален столб. Но, кога станува збор за решавање на проблемите во овој Сектор, како и за вработените во него, државите стојат на страна (со изговор дека поголемите капацитети се веќе приватизирани). За Секторот кој вработува најголем број на работници треба да има поддршка и бенефиции, особено кога се знае дека тие работници создаваат национални добра во најтешки услови за работа.

Што се однесува до Фабриката можеме да констатираме дека по неколку години голема криза и борба за опстанок, сега, по преземањето на фабриката од страна на мнозинскиот акционер, истата повторно се врати на она што и е примарна дејност, производство и продажба на заварени цевки и профили.

Фабриката има удел во мешовитото претпријатије во Комотини-Грција. Според Решение од Министерство за надворешни работи на РМ прашањето околу легална работа на нашите работници таму и понатаму останува отворено.

Во однос на политиката на вложувања за одржување и за подршка на успешноста во работењето на друштвото можеме да кажеме дека во текот на 2016 година Фабриката има вложено 4.788.859,00 денари. Поголем дел од овој износ е вложен во набавка на опрема за редовно одржување и нормално одвивање на процесот на производство, и тоа генератор.кран, диференцијал и др.

Со оглед на повеќегодишните неповолни услови на стопанисување во земјата и нашето опкружување, кога оствареното производство и реализација се на граница на опстанок на Фабриката, не постоеше економска и пред се финансиска можност за поголеми вложувања во доопремување и модернизација на процесот на производството.

СЕ очекува вложување во опрема во тек на 2017 год, и веќе се прават напори за изнаоѓање на извори на финансирање .

Поголема инвестиција последниве години беше набавка на опрема за заштита на животна средина заради добивање на интегрирана еколошка дозвола А и на база на тоа е добиен сертификат ISO 14001.

Во услови кога со години наназад нераспределената добивка во Фабриката беше на минимално ниво, а претпоследниве четири години Фабриката покажа загуба, која што треба да се покрие од добивката остварена оваа година , и од добивките кои што ќе се остварат во наредните години, тогаш не останува многу простор за некои поконкретни решенија во политиката на дивиденди. Кога ќе се променат условите кои се јавуваат како ограничувачки фактор за поголема успешност во работењето на Фабриката тогаш многу повеќе ќе можеме да зборуваме за политиката на дивиденди.

За разлика од изминативе години кога Фабриката во најголем дел работеше со сопствени извори на средства, последниве години, поради потешкотии во одржување на ликвидноста приморани сме да работиме и со краткорочни и долгорочни задолжувања.

Потребите за набавка на основниот репроматеријал ги покрива деловната банка со издавање на акредитиви на основ хипотека дадена на дел од основни средства за одобрен рамковен кредит од цирка 14.200.000 ЕВРА.

Што се однесува до политиката на односот на долгорочниот долг спрема основната главнина можеме да кажеме дека Фабриката, заради одржување на ликвидноста и набавка на основен репроматеријал има и долгорочни задолжувања.

Мнозинскиот акционер на Фабриката прави максимални напори политиката на управување со ризик да биде сведена на најмала можна мерка. Во прилог на ова е фактот што сите поголеми зделки Фабриката ги решава во директна врска со нашите партнери а зделките со заинтересирана страна преку наше учество како кооперант со други учесници на тендери во државата и надвор од државата.

Изгледите за идниот развој на Фабриката и активностите во сферата на истражувањето и развојот меѓу себе се испреплетуваат и надополнуваат. Активностите во сферата на истражувањето и развојот се насочени пред се кон истражување на пазарите за изнаоѓање нови можности за примена на нашите производи па аналогно на тоа и изгледите за идниот развој се темелат на доопремување на опремата и усовршување на производната програма према барањата на пазарот.

Во текот на 2016 година Фабриката нема стекнато сопствени удели ниту сопствени акции.

Месечните примања на Извршните членови на Одборот на директори се согласно Договорите за утврдување на правата, обврските, одговорностите, платата и другите примања на Извршните директори и изнесуваат 61.500,00 денари нето плата.

На нето плата, како и за останатите вработени, се плаќа персонален данок и останати со Закон пропишани придонеси и надоместоци од плата.

Извршните директори немаат примања во други друштва ниту пак имаат засновано работен однос кај други работодавачи.

Посебни бонуси за Извршните директори нема.

Извршните директори немаат посебно осигурување освен колективното осигурување со кое се опфатени вработените во Фабриката.

Месечните примања на неизвршните членови на Одборот на директори во текот на 2016 година, се по 20.000,00 денари.

На нето примања на неизвршните директори се плаќа персонален данок според утврдените законски прописи.

# Основни показатели во физички обем за остварено производство и остварена реализација

ОПШТИ ОСНОВНИ ПОКАЗАТЕЛИ ВО ФИЗИЧКИ ОБЕМ

| | | 2016 год | 2015 год | индекс |
|---|---|---|---|---|
| 1.Остварено производство | - | 34.490 тони | 10.962 тони | 315 |
| 2.Остварена реализација | - | 32.035 тони | 5.623 тони | 570 |
| Од тоа : Извоз | - | 15.192 тони | 3.312 тони | 459 |
| Домашен пазар | - | 16.843 тони | 2.311 тони | 713 |
| 3.Работна сила | - | 536 | 707 | 76 |
| 4.Продуктивност на трудот | - | 64,35 | 15,5 | 416 |

Оствареното производство во 2016 година во однос на истото од 2015 година е зголемено за 215 %. По неколкуте релативно добри години со произведени 50.000 тони цевки и профили во 2007 година и 35.000 тони во 2008 година, последниве години производството постојано опаѓаше, но во 2015 година, по преземањето на фабриката од страна на мнозинскиот акционер, истото пакажа зголемување , за да во 2016 година скоро го достигна производството од 2008 година, со произведени 34.490 тони цевки и профили..

Со оствареното производство во деловната 2016 година, ангажираноста на производните капацитети е зголемена, што пак во најголем дел е условено од побарувачката на пазарот за комерцијална програма на производите од РЕ ВЦП, од однапред склучените договори за испорака на цевки и профили од РЕ ВСЦП, и тоа во најголем дел за Европскиот пазар, но се повеќе и за земјите од поранешни ЈУ простори каде се отвараат нови работи, како и од нашето учество на одредени проекти за асортиманот на производи од РЕ ВНЗЦ, но сето тоа во крајна линија условено и од можноста за набавка на потребниот репроматеријал.

ОСТВАРЕНО ПРОИЗВОДСТВО ПО РЕ ЗА 2016 ГОДИНА
ВО ОДНОС НА 2015 ГОДИНА Е СЛЕДНОВО:

| Ред Бр. | Р.Е | 2015 год. | | 2016 год. | | индекс |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | тони | % на учество | Тони | % на учество | |
| 1 | ВЦП | 6.741 | 61 | 6.921 | 20 | 103 |
| 2 | ВНЗЦ | 423 | 4 | 1.344 | 4 | 318 |
| 3 | ВСЦП | 3.798 | 35 | 26.225 | 76 | 690 |
| | **ВКУПНО** | **10.962** | **100** | **34.490** | **100** | **315** |

Погледнато по Работни единици во вкупно остварено производство од 34.490 тони РЕ ВЦП учествува со 20 %, РЕ ВНЗЦ со 4 % и РЕ ВСЦП со 76 %.

Производството во РЕ ВЦП во 2016 година во однос на 2015 година е зголемено за 3 %, а во РЕ ВНЗЦ зголемено за 218 %. Во РЕ ВСЦП каде повеќе години наназад производството беше стабилно со тенденција на постојано зголемување, последниве години бележеше голем пад. Но во 2015 година производството во ова РЕ е зголемено за 95 % во однос на оствареното во 2014 година, а во 2016 година во однос на 2015 година е зголемено за дури 590%. Производите од оваа РЕ се наменети за познати купувачи по однапред склучени договори и тоа во најголем дел за земјите од Европската Унија од каде што побарувачката во текот на изминативе неколку години, поради светската економска криза беше многу намалена, како и за проектите за гасификација на Р.Македонија..

**ОСТВАРЕНО ПРОИЗВОДСТВО ПО КВАРТАЛИ ВО ТЕКОТ НА 2016 ВО ОДНОС НА 2015 ГОДИНА**

| | 2015 | | 2016 | | |
|---|---|---|---|---|---|
| квартал | тони | % | Тони | % | Индекс |
| I | 295 | 3 | 6.066 | 18 | 2056 |
| I I | 1.022 | 9 | 9.726 | 28 | 952 |
| I I I | 2.657 | 24 | 7.646 | 22 | 288 |
| IV | 6.988 | 64 | 11.052 | 32 | 158 |
| **ВКУПНО :** | **10.962** | **100** | **34.490** | **100** | **315** |

Доколку го анализираме оствареното производство по квартали во текот на 2016 година ќе забележиме дека во првиот квартал е остварено производство од 18 %, во вториот квартал 28 %, во третиот квартал 22 % и во четвртиот квартал 32 %.

Оствареното производство по квартали во 2016 година е многу поуедначено за разлика од 2015 година каде што има големи одстапувања.

Остварената продуктивност на трудот во текот на 2015 година изнесува 15,5 тони цевки и профили по работник и во споредба со 2014 година истата е зголемена за 182 %.

**ОСТВАРЕНА РЕАЛИЗАЦИЈА ПО РЕ ЗА 2016 ГОДИНА ВО ОДНОС НА 2015 ГОДИНА Е СЛЕДНОВО:**

| Ред Бр. | Р.Е | 2015 год. | | 2016 год. | | индекс |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | тони | % на учество | тони | % на учество | |
| 1 | ВЦП | 3.081 | 55 | 6.518 | 20 | 211 |
| 2 | ВНЗЦ | 68 | 1 | 1.054 | 3 | 1550 |
| 3 | ВСЦП | 1.992 | 35 | 22.885 | 72 | 1149 |
| 4 | ОТПАД | 482 | 9 | 1.578 | 5 | 327 |
| | **ВКУПНО** | **5.623** | **100** | **32.035** | **100** | **570** |

Во вкупно остварената реализација во 2016 година производите од РЕ ВЦП учествуваат со 20 %, РЕ ВНЗЦ со 3 %, РЕ ВЦП со 72 % и отпад со 5 %.

**ОСТВАРЕНА РЕАЛИЗАЦИЈА ВО 2016 ВО ОДНОС НА 2015 ГОДИНА**

| | 2015 | | 2016 | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | тони | % | тони | % | Индекс |
| Извоз | 3.312 | 59 | 15.192 | 47 | 459 |
| Домашен пазар | 2.311 | 41 | 16.843 | 53 | 729 |
| **Вкупна реализација** | **5.623** | **100** | **32.035** | **100** | **570** |

Во текот на деловната 2016 година Фабриката оствари реализација од 32.035 тони цевки и профили и е за 470 % повисока од остварената во 2015 година.

Во вкупно остварена реализација во 2016 година, продажба на странски пазар учествува со 47 % а на домашен пазар со 53 %.

Во споредба со оствареното производство реализацијата е пониска за 7 % што значи дека во 2016 година е продадено скоро целосно ново оствареното производство .

Од вкупно остварена реализација во износ од 32.035 тони цевки и профили, 15.192 тони или 47 % се продадени на странскиот пазар а 16.843 тони или 53 % се продадени на домашен пазар.

Зголеменото учество на домашниот Пазар во вкупната реализација се должи на реализацијата на цевки за гасификација на Р.Македонија.

Во споредба со 2015 година извозот е зголемен за 359 % а реализацијата на домашен пазар е зголемена за 629 %.

Од извезените 15.192 тони цевки и профили, 11.316 тони или 74 % се извезени во земјите од Европа а 3.876 тони или 26 % се извезени во поранешни ЈУ Републики, И во однос на 2015 година има значително зголемување на реализацијата на европскиот Пазар.

Извозот на 15.192 тони цевки и профили е остварен на следниве пазари:

**ОСТВАРЕН ИЗВОЗ ПО ДРЖАВИ ВО 2016 ВО ОДНОС НА 2015 ГОДИНА**

| Ред Бр. | ДРЖАВИ | 2015год. | | 2016 год. | | индекс |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | тони | % на учество | тони | % на учество | |
| 1 | Германија | 300 | 9 | 2.988 | 19 | 996 |
| 2 | Бугарија | 723 | 22 | 388 | 3 | 54 |
| 3 | Естонија | 92 | 3 | | | |
| 4 | Италија | 882 | 27 | 5.090 | 34 | 577 |
| 5 | Чешка | 22 | 0 | 167 | 1 | 759 |
| 6 | Албанија | 35 | 1 | 70 | 0 | 200 |
| 7 | Франција | | | 191 | 1 | |
| 8 | Англија | | | 1.462 | 10 | |
| 9 | Холандија | | | 127 | 1 | |
| 10 | Шпанија | | | 379 | 2 | |
| 11 | Романија | | | 139 | 1 | |
| 12 | Белгија | | | 93 | 1 | |
| 13 | Литванија | | | 88 | 0 | |
| 14 | Србија | 517 | 16 | 1.663 | 11 | 322 |
| 15 | Р. Хрватска | 329 | 10 | 701 | 5 | 213 |
| 16 | Босна и Херцеговина | 119 | 4 | 293 | 2 | 246 |
| 17 | Словенија | 193 | 6 | 614 | 4 | 318 |
| 18 | Косово | 75 | 2 | 451 | 3 | 601 |
| 19 | Црна Гора | | | 154 | 1 | |
| 12 | Други земји | 25 | 0 | 134 | 1 | 536 |
| | **ВКУПНО** | **3.312** | **100** | **15.192** | **100** | **459** |

Извозот на цевки и профили во текот на 2016 година во однос на 2015 година покажува зголемување за 359 % со промена во структура по одделни земји.

Најголем е извозот во Италија 34 %,Германија 19 %, Србија 11 %, Англија 10 % Р.Хрватска 5 %, Словенија 4 % , Бугарија и Косово со по 3 % и други земји со помало учество во остварениот извоз.

Зголемувањето на извозот во Италија , Германија, Англија , Чешка, Србија, Косово во 2016 година во однос на 2015, потрврдува дека продолжува трендот од минатата година за враќање на пазарите на кои што бевме порано присутни.

На 31.12.2016 година залиха на готови производи изнесува 16.857 тони цевки и профили, од кои РЕ ВЦП 5.019 тони, РЕ ВНЗЦ 1.519 тони и РЕ ВСЦП 10.319 тони, и истата е зголемена за 2.455 тони во однос на 31.12.2015 година

На 31.12.2016 година залиха на материјали изнесува 4.044 тони , од тоа трака 3.380 тони и лим 664 тони.

После 4 години по ред искажана загуба, по изготвената годишна сметка за 2016 година Фабриката искажа добивка .

## ПРЕГЛЕД НА ОСТВАРЕНИ ЕКОНОМСКО-ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2015 И 2016 ГОДИНА

- 000 - ден.

| Ред Бр. | ЕЛЕМЕНТИ | 2015 год. | | 2016 год. | | Инд. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Износ | струк. % | Износ | струк. % | |
| | *А. ПРИХОДИ* | | | | | |
| | I. ПРИХОДИ ОД РАБОТЕЊЕ (1+2+3) | 292.404 | 90,96 | 1.518.294 | 99.57 | 519 |
| 1 | Приходи од продажба | 249.498 | 77,61 | 1.486.124 | 97.46 | 596 |
| 2 | Останати приходи | 42.732 | 13,29 | 32.000 | 2.10 | 75 |
| 3 | Капитализирани сопствени производи и услуги | 173 | 0,06 | 170 | 0.01 | 98 |
| | II. ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ | 29.051 | 9,04 | 6.597 | 0.43 | 23 |
| | **ВКУПЕН ПРИХОД (I + II):** | **321.454** | **100** | **1.524.891** | **100** | **474** |
| | *Б. РАСХОДИ* | | | | | |
| 4 | Промена на залиха на готови производи и производство во тек | -162.191 | -18 | -89.185 | -6.49 | |
| 5 | Трошоци за суровини и други материјали | 340.731 | 39 | 1.040.271 | 75.71 | 305 |
| 6 | Трошоци за вработени | 198.295 | 22 | 214.626 | 15.60 | 108 |
| 7 | Амортизација | 42.335 | 5 | 32.635 | 2.37 | 77 |
| 8 | Останати оперативни расходи | 32.311 | 4 | 20.938 | 1.52 | 65 |
| 9 | Набавна вредност на продадени стоки, материјали и услуги | 33.096 | 4 | 93.942 | 6.84 | 284 |
| 10 | Вредносно усогласување на тековни средства | 365.222 | 41 | 10.265 | 0.75 | 3 |
| 11 | Финанскиски расходи | 29.687 | 3 | 50.802 | 3.70 | 171 |
| | **ВКУПНИ РАСХОДИ:** | **879.486** | **100** | **1.374.294** | **100** | **156** |
| 12 | Загуба /Добивка од редовно работење (А – Б) | -558.032 | 100 | 150,597 | | |
| 13 | Данок на добивка | - | - | - | - | - |
| 14 | Нето загуба/добивка за деловна година | -558.032 | 100 | 150,597 | 100 | |
| 15 | Фонд за резерви | - | - | - | - | - |
| 16 | Нераспределена добивка | - | - | - | - | - |

Во деловната 2016 година Фабриката оствари вкупен приход во износ од 1.524.891.000,00 денари и во споредба со 2015 година приходите се зголемени за 374 %.

Во структура на вкупниот приход најголемо е учеството на приходи од продажба со 97,46 %, и во однос на 2015 година истите се поголеми за 496 %.

Во текот на деловната 2016 година остварени се расходи во износ од 1.374.294.000,00 денари и во споредба со 2015 година истите се поголеми за 56 %.

Во однос на остварениот вкупен приход вкупните расходи се помали за 10 % и по четири години по ред искажана загуба, Фабриката за 2016 година оствари добивка.

Во структура на вкупните расходи најголемо учество имаат трошоци за потрошени суровини и други материјали со 75,71 %, вработени (бруто плата) со 15,60 %, ,набавна вредност на продадени стоки, материјали и услуги со 6,84 %, финансиски расходи со 3,70 %, амортизација учествува со 2,37 %, останати оперативни расходи со 1,52 %, , вредносно усогласување на тековни средства со 0,75 % и промена на залиха на готови производи и производство во тек со -6,49 %.

Потрошените суровини и материјали во 2016 година се поголеми за 205 % во однос на истите од 2015 година, што произлегува од зголемено производство за 215 %.

Бруто платите, кои се составен дел на цената на чинење на нашите производи и се надоместуваат од остварениот вкупен приход, во текот на 2016 година вкалкулирани се во износ од 214.626.000,00 денари и во однос на 2015 година се зголемени за 8 %.

Амортизација на основни средства е извршена со примена на законски пропишани стапки и е пресметана во износ од 32.635.000,00 денари и како фиксен трошок во однос на 2015 година е помала за 23 %.

Останатите оперативни расходи во износ од 20.938.000,00 денари во 2016 година се помали за 35 % во однос на истите од 2015 година. Во структура на истите се останати трошоци од работење во кои спаѓаат останати нематеријални трошоци, трошоци за исхрана на работници, даноци и придонеси кои не зависат од резултатот, дневници за службени патувања, премии за осигурување, банкарски услуги и трошоци за платен промет, трошоци за репрезентација и др.

Набавната вредност на продадени стоки, материјали и услуги во износ од 93.942.000,00 денари во 2016 година се поголеми за 184% во однос на истите од 2015 година.

Финансиски расходи односно расходи по основ камати и курсни разлики остварени се во износ од 50.802.000,00 денари, со учество од 3 ,70 % во вкупните расходи и во однос на 2015 година се поголеми за 71 %.

Остварениот вкупен приход во износ од 1.524.891.000,00 денари ги покрива вкупно остварените расходи во износ од 1.374.294.000,00 денари при што е остварена нето добивка во износ од 150.597.000,00 денари , и истата во најголем дел се должи на зголемено производство односно зголемена реализација на готовите производи.

За да извештајот биде целосен потребно е да ја оцениме квалитативната компонента на финансиската состојба на Фабриката врз основа на анализа на билансот на состојбата.

Финансиската стабилност на Фабриката ќе ја оцениме преку показателите на финансиската сигурност, степен на покриеност на постојните средства, степен на задолженост и други показатели.

ПОКАЗАТЕЛИ НА ФИНАНСИСКА СТАБИЛНОСТ ЗА 2016 ГОДИНА

1. Финансиска сигурност $= \dfrac{\text{траен капитал}}{\text{вкупни извори на деловни средства}} = \dfrac{611.116.995}{1.726.223.038} = 35\ \%$

2. Степен на покриеност на нематер. и матер. влож. $= \dfrac{\text{траен капитал + долгорочни обврски}}{\text{нематеријални и материјални вложувања}}$

$$= \frac{682.129.206}{533.902.133} = 1.28$$

3. Степен на задолженост во однос на траен капитал $= \dfrac{\text{Вкупен долг x 100}}{\text{траен капитал}} = \dfrac{1.089.511.426 \text{ x } 100}{611.116.995} = 178,28$

4. Степен на задолженост во однос на вкупни сред. $= \dfrac{\text{Вкупен долг x 100}}{\text{вкупни средства}} = \dfrac{1.089.511.426 \text{ x } 100}{1.726.223.038} = 63,11$

| Ред. Бр. | П О З И Ц И Ј А | 2015 година | 2016 година | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Финасиска сигурност | 34 | 35 | 103 |
| 2 | Степен на покриеност на нематеријални и материјални вложувања | 0,99 | 1.278 | 129 |
| 3 | Степен на задолженост во однос на траен цапитал | 186,79 | 178.28 | 95 |
| 4 | Степен на задолженост во однос на вкупни стредства | 64,37 | 63.11 | 98 |

Финансиската сигурност изнесува 35 %, и споредено со 2015 година истата е зголемена за 3 %,што е прво зголемување после неколку години по ред.

Степенот на покриеност на материјални и нематеријални вложувања со трајни и долгорочни извори изнесува 1.278 и во однос на 2015 година е повисок за 29 %.

Во споредба со изминативе години овој показател покажа зголемување после неколку години намалување на истиот..

Степенот на задолженост на Фабриката искажан преку односот на вкупниот долг и траен капитал во деловната 2016 година изнесува 178.28 и во однос на 2015 година задолженоста на Фабриката е намалена за 5 %. Значи дека задолженоста е висока, но сепак намалена за разлика од минатите години кога секоја година имаше зголемување.

Степенот на задолженоста на Фабриката искажан преку учеството на вкупниот долг во вкупните средства за 2016 година е 63,11% и во однос на 2015 година задолженоста на фабриката преку овој показател е намалена за 2 %.

Од сите погоре анализирани показатели на финансиската стабилност се гледа дека во 2016 година Фабриката имаше се уште проблеми со ликвидноста , но со тенденција за подобрување во однос на претходните години.

Како што рековме на почетокот од овој извештај, со преземањето на фабриката од страна на мнозинскиот акционер, Друштво за градежништво и трговија Квалитет-Пром ДООЕЛ Увоз-Извоз Куманово по неколку години криза и пад на производство и реализација, во 2016 година продолжи трендот од втората половина на 2015 година и дојде до зголемување на производство и реализација на цевки и профили што се гледа и од самата анализа на тие показатели во овој извештај.

Сето тоа влијаеше и на финансиската стабилност на Фабриката па така по 4 години загуба, во 2016 година Фабриката покажа позитивни финансиски резултати.

Се надеваме дека позитивниот тренд во работењето на Фабриката ќе продолжи и во текот на наредните години.

ИЗВРШНИ ДИРЕКТОРИ

1. Војчо Нацевски

2. Страхил Пановски